Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
PROKURORIA PUBLIKE
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 03-129/1
9.03 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 02-665/1
08.03.2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Јавното обвинителство на Република Северна Македонија**, застапувано од Јавниот обвинител на РСМ Љубомир Јовески

**и**

**Државниот завод за ревизија,** застапуван од Главниот државен ревизор, М-р Максим Ацевски, потпишуваат:

# Меморандум за соработка и зајакнување на меѓу-институционалната комуникација меѓу Државниот завод за ревизија и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

**Член 1**

Целта на овој Меморандум е да се утврди рамката во која се реализира соработката меѓу институциите потписници за работи од заеднички интерес кои се темелат на нивните со закон пропишани надлежности, да ја зајакнат соработката и да го подобрат квалитетот начинот на меѓусебната комуникација заради обезбедување навремено, целисходно и ефикасно постапување по утврдените состојби во конечните извештаи за извршена ревизија во пост-ревизорскиот процес.

**Член 2**

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија, ја изразуваат својата подготвеност да дејствуваат заеднички во насока да обезбедат:

1) навремена, непосредна и взаемна комуникација која ќе обезбеди размена на суштествени информации, поврзани со наоди, мислења, заклучоци и препораки содржани во конечните ревизорски извештаи;
2) соработка меѓу стручни тимови од државни ревизори и јавни обвинители за потребите од извршување на законски пропишаните надлежности на Државниот завод за ревизија и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија;
3) подготовка на заеднички проекти за унапредување на меѓу-институционалната соработка во извршување на законските надлежности на Државниот завод за ревизија и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија;
4) транспарентност во постапувањето по конечните ревизорски извештаи согласно законски пропишаните постапки за постапување од надлежност на

Државниот завод за ревизија и на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Државниот завод за ревизија ќе ги преземе следните активности:

- да номинира лица од Државниот завод за ревизија за воспоставување ефикасна и ефективна комуникација со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија;
- по објавувањето на конечен ревизорски извештај со констатирани состојби кои може да претставуваат дејствие на прекршок или кривично дело да го проследи единствено до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, со посебен прилог образец во кој ќе бидат содржани релевантните наоди кои треба да бидат предмет на донесување на понатамошни јавно обвинителски одлуки во рокови на постапување определени со Закон, како што се предистражна постапка, истражна постапка, потреби на вештачење од страна на овластени субјекти и за постапување пред надлежните судови по конкретни предмети;
- да одржува директна комуникација со надлежен Јавен обвинител и во тој контекст да му обезбедува дополнителна стручна помош кои му се потребни на јавниот обвинител во донесувањето на јавно обвинителски одлуки по предмети за обвинителското постапување (на барање на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, а во времетраењето на постапката во Обвинителството);
- да учествува во организирање на настани, работилници за континуирано професионално оспособување и зајакнување на знаења од областа на државната ревизија и постапување по конечните ревизорски извештаи за посебно избрани групи на Јавни обвинители;
- во соработка и комуникација со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, да извести за добиените информации за постапувањето во врска со доставените конечни ревизорски извештаи.

**Член 4**

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ќе ги преземе следните активности:

- да номинира лица од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за воспоставување на ефикасна и ефективна комуникација со Државниот завод за ревизија;
- доставува податоци во врска со конкретен јавнообвинителски предмет по претходно барање од Државниот завод за ревизија до лицето номинирано за комуникација од Државниот завод за ревизија и тоа само оние податоци кои нема штетно да влијаат на натамошното водење на постапката;